Доне Чапарев

# П Е Т   П Е С Н И

## СТРУМА ТИБЕРИЈЕВА

*По легендата за гробот на Струма*

*Ќерката на Римскиот Император Тиберие*

*Што постои во близината на Струмица*

Телото со љубовни стрели го накити
и по сенката да ти лазат мераци
како водоскоците по полето
по  Ѕвездана и целата Римјанија

На празник војниците крај река
ги заборавија пушките
Во сонот топла да те уловат
еј, моме
во сонот топла да те уловат

Долгите сенки по земјата
патеките ти ги означуваат
со лилјаци и мали птици
токму потребни за в ноќта
за привидението од сказните
за допирите во сонот
еј моме
да стигнеш да не се вратиш

Од љубење бесот ти се претвори во змија

по тајното копје го дарува на Јуда

На инает на Тиберие

на инает на ловците крај изворот

со голем поткуп на стражата крај портите

еј, моме, моме не моме

Гробот времето ти го урна во пепел

земјата деветпати не те прима

еј, моме, моме проколната

**НОЌ КРАЈ ВОДОЧА**

Со прачка ја мерам сенката

И по неа трчам

Божем

штрбави ѕидишта уривам

Патиштата на сонцето

водат

во црната кутија на времето

Го кревам сонцето

со оклоп од штитови

прободено

со сабји

Местото е ковчест плод

од жили пред големите порти

кога во рофјана промена
Водоча
го држи сонцето подалеку
од Беласица
за ноќта да настапи полека

По патот никого немаше
се чудам како ноќта ме совлада
со сонот за закопаните војници
ТУКА

**РУСАЛИИ**

Пречестени со мугри и една младост стара
кога се топат спомените во песна
дојдовме со китка и птица за иста пара
а мегданот за насмевка и светска бина ни е тесна

о русалинке сега што низ прстен се пробиваш
крај твоето огниште пареа на качамак се крева
и планинска вода ги носи твоите песни
македонски
кога се слават обичаи и русалиски се пее по
зелена трева
ви се приближувам кога над глава летаат старите
сабји

со страшен крик на приказните од вилаетот

кога слетува со шамија птицата на вашата рака

за цртежите и цветот се чуди светот

**СВЕТОТ НА ПЕСНАТА**

Само вашата птица го прелетува мракот
во оваа тивка нож
кога и лавежот на најстрашниот пес
стивнува
о песни нежни суштества на моето лето
далечни земји на мојата мисла
корабу што секогаш сакам да те пречекувам
пријатни доаѓања во ова глуво доба
о гласови што создавате нови гласови
чиниш некаде земјата се отвора
и по полето на мракот се создава бура
од птици
што имаат облик на најстара лира
која од гласови се шири и собира

**ДОЛИНА ТИБЕРИЈАНСКА**

Сè што умира нека биде несетно
во мојата долина

на ова кола реката што ја носи

еј луѓе

под сенките на вашите стогови

ве причекува полето

побогато од софра

полето ја знае починката кога коњите одмараат

кога вашите кошули

јавнати на зелениот грб од меѓата

вечно белеат

кога ви рекоа нека ви е среќен родот

еј луѓе

не гледајте ме

никогаш не сум видел толку ѕвезди

под летот на птиците

облаците се ниски

ги бодат врвоите на ридот

во мојата долина останува сонцето

на кошулите и стоговите

разуздени коњи го минуваат патот што не

завршува

со сонцето во гривата

се радувам на коњите и земјата

ме боли само сонцето

нечии раце се радуваат на полето и стогот

не чудете се

нивата ни останува со куќарки оградена

колите го пренесоа селото

а јас на крстопат како полјак

нема што да чувам

коњите го нашле крајот на патот

што не завршува

кучињата по белата кучка се

се преселиле во долината

(Од книгата *Гласот на птицата во тишината*, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, 1969)